ЗАПИСНИК

од 64-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 13.03.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител, Оливера Димитровска - раководител и Николина Лозановска - советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и донесување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2024г.;
2. Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2024 година;
3. Разгледување и донесување на Одлука за именување на член на Училишен одбор на ООУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци;
4. Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2024 г;
5. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за 2024 година;
6. Разгледување и усвојување на Годишен извештај на извршените работи за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Новаци за 2024 година;
7. Разгледување и усвојување на Годишен извештај на извршените работи за одржување на локалните водоводи на територијата на Општина Новаци за 2024 година;
8. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на празникот на Општина Новаци „30-ти Март“;
9. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на годишнина од смртта на војводата Ѓорѓи Сугарев;
10. Разгледување на Барање од група жители на Општина Новаци;
11. Разгледување на Барање од ЗФК Пелагонија, Добромири;
12. Разгледување на Барање од Марина Наумовска од Новаци;
13. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 64-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот, Најдовска Стојковска, зеде збор и пред Советот на Општина Новаци предложи, дневниот ред да се измени. Имено на предлог на Комисијата за финасии, буџет и ЛЕР точките бр.11 и бр.12 нема да се разгледуваат на оваа седница, затоа што најпрво треба да се разгледат на Комисија за ЕПП на физички лица.

Советниците го разгледаа Дневниот ред со предложената измената, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 64-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената е составен од 11 (единаесет точки) точки, со тоа што точката бр.13- Советнички прашања, преминува во точка бр. 11.

1. точка Разгледување и донесување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

Советниците беа информирани, од страна на Оливера Димитровска – раководител на финасиско одделение, за финансиското работење на Општина Новаци во 2024 год., при што напомена дека средствата од основниот буџет изнесува 21.499 897,00 денари и истиот како прилив се пренесува во буџетот за 2025 год. Исто така во буџетот во 2025 год. се пренесуваат и буџетот од дотации во износ од 59.077,00. На крајот на 2024 год., буџетот од самофинасирачки активности е со износ од 930 213,00 денари, кој износ се пренесува во буџетот за 2025 год. како и износот 318.919,00 денари како буџет од донации.

По нејзиното излагање и по дискусијата, Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Завршна сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година и Одлука за донесување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

2. точка Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2024 година

И по однос на втората точка, Раководителот на финасии зеде збор и накратко пред советниците го презентираше Годишниот извештај со напомена дека повеќе од 80 % во 2024 год. се реализирано од она што било планирано. Имено капиталните расходи се реализирани во 78% што докажува дека било добро испланирано.

По дискусијата советниците со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесоа Одлука за усвојување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2024 година.

3. точка Разгледување и донесување на Одлука за именување на член на Училишен одбор на ООУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци

По однос на оваа точка, збор зеде претседателот на Комисијата за мандатни прашања и именување, Горан Велјановски, кој на советниците им даде објаснување за потребата од именување на Роберт Николовски жител на с.Новаци, за член на Училишен одбор на ООУ „Славко Лумбарковски“.

По неговото излагање, меѓу советниците се разви дискусија по која се гласаше, така што со **9 гласа за** се донесе Одлука за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци.

4. точка Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2024 година

Советниците ја разгледаа завршната сметка и при тоа констатираа дека во 2024 год. ЈПКД „Комунална Хигиена“ оствари позитивен финансиски резултат во износ од 2.239.824,оо денари. По кратката дискусија со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесоа Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2024 година.

5. точка Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за 2024 година

Советот на Општина Новаци го разгледа Годишниот извештај во кој детално беа презентирани активностите кои во 2024 год. беа реализирани во различни области во комуналното работење.

Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за 2024 година.

6. точка Разгледување и усвојување на Годишен извештај на извршените работи за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Новаци за 2024 година

Соодветно на Програмата за јавна чистота, ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци, до Советот на Општина Новаци, достави Годишен Извештај во кој беа наведени реализираните активности како метење, рачно и машинско миење на јавни површини, собирање и транспортирање на отпад, одржување на паркови и зеленила и останати активности од областа на јавна чистота. По дискусијата, Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, на извршени работи за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Новаци, за 2024 година

7. точка Разгледување и усвојување на Годишен извештај на извршените работи за одржување на локалните водоводи на територијата на Општина Новаци за 2024 година

Советниците беа информирани дека Извештајот ја сумира Програмата за одржување на локалните водоводи пред се реализираните активности, финансиските трошоци и постигнатите резултати со цел да се обезбеди квалитетно водоснабдување на жителите на населените места Бач, Брод и Живојно како и за останатите населени места каде водоводните системи се во надлежност на месните заедници. Советот на Општина Новаци со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Одлука за усвојување Годишен извештај од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, на извршени работи за одржување на локалните водоводи на територијата на Општина Новаци, за 2024 година.

8. точка Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на празникот на Општина Новаци „30-ти Март“

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на празникот на Општина Новаци „30-ти Март“

9. точка Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на годишнина од смртта на војводата Ѓорѓи Сугарев

По однос на оваа точка советниците развија дискусија околу начинот на одбележувањето на годишнината од смртта на војводата Ѓорѓи Сугарев, која секоја година под покровителство на Општина Новаци се одбележува во село Паралово. По дискусијата, советниците со **6 гласа за , 1 глас воздржан и 2 гласа против** донесоа Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на годишнина од смртта на војводата Ѓорѓи Сугарев.

10. точка Разгледување на Барање од група жители на Општина Новаци

Група на жители од Општина Новаци доставија барање до Советот на Општина Новаци во кое бараат Општина Новаци да побара од надлежните институции да извршат проверка и испитување на електромагнетни зрачења и нејонизирачки зрачења кои произлегуваат како резултат на различни извори кои на територија на Општина Новаци секојдневно се зголемуваат и предизвикуваат штета по здравјето и животот на жителите на Општина Новаци. По дискусијата Советот со **9 гласа за** донесе Одлука за за прифаќање на Барање на група на жители од Општина Новаци.

11. точка Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 64-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска